Број 24 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, декември 2019

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за Урбанистичко планирање за 2020 година**

1.Се објавува Програма за Урбанистичко планирање за 2020 година, донесена на триесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/1**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 ноември 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА**
**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на спроведување на постапка за донесување на Детални урбанистички планови. Основен услов за развој на една општина е урбанизација на просторот. Согласно законската регулатива се прифаќаат и иницијативи од граѓани за усогласување со урбанистичките планови и можност на решавање на имотно правни работи.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Карпош од областа на Урбанистичкките планови:

1. **Изготвување на Детален урбанистички план**
   - Основни мотиви за изготвување на Деталните урбанистички планови е усогласување на предметниот простор со основните поставки со Генералниот урбанистички план на град Скопје. Основа на изготвување на планската документација е документационата основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции на подрачјето на планскиот опфат.

2. **Граници на територијалните единици за планирање на просторот**

   Во Генералниот урбанистички план се одредени границите на териоријалните единици за планирање и тоа:
   - Граници на подрачјата на градските четврти
   - Граници на подрачјата на планските опфати на деталните урбанистички планови со кои Генаралниот урбанистички план ќе се спроведува.

- Градската четврт по правило се состои од повеќе плански опфати на детални урбанистички планови.
- Надворешните граници на планскиот опфат на деталните планови од кои се состои една градска четврт, се совпаѓаат со границата на урбаната четврт.

## III. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТ З 01**

2.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТ З 02**

3.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА **ЧЕТВРТ Ј 01**

4.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА **ЧЕТВРТ Ј 02**

5.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТ Ј 04**

6.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ **ЦС 15, БЛОК 01**

7.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ **ЦС 15, БЛОК 04**

8.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА **БЛОК 8** ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ **З 05**

9.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА **БЛОК 18** ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ **З 09**, (опфат

помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември)

10. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА **ЧЕТВРТ ССЗ О1 БЛОК 10** Општина Карпош, Скопје “

11.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА **ЧЕТВРТ СЗ 19,** Општина Карпош, Скопје

12.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА **БЛОК 10** ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ **З 09**, (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември)

**IV. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА БЛОК, СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАДСКАЧЕТВРТ**

1. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

2. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

3. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

4. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

5. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

6. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 07, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

7. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 08, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

8. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 09, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

9. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 10, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

10. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

11. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

12. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

13. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

14. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 05, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

15. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

16. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 07, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

17. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 08, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

18. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 09, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

19. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

20. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК 12, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

21. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02 БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

22. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02 БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

23. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02 БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

24. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02 БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

25. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02 БЛОК 05, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

26. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02 БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

27. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 01 , Општина Карпош, Скопје"

28. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 02 , Општина Карпош, Скопје"

29. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 03 , Општина Карпош, Скопје"

30. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 04 , Општина Карпош, Скопје"

31. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 05 , Општина Карпош, Скопје"

32. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 06 , Општина Карпош, Скопје"

33. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 01, Општина Карпош, Скопје“

34. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 02, Општина Карпош, Скопје“

35. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 03, Општина Карпош, Скопје“

36. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 04, Општина Карпош, Скопје“

37. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 05, Општина Карпош, Скопје“

38. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 06, Општина Карпош, Скопје“

39. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 07, Општина Карпош, Скопје“

40. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 08, Општина Карпош, Скопје“

41. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 09, Општина Карпош, Скопје“

42. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 10, Општина Карпош, Скопје“

43. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З07 - БЛОК 01, Општина Карпош, Скопје“

44. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З07 - БЛОК 02, Општина Карпош, Скопје“

45. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З07 - БЛОК 03, Општина Карпош, Скопје“

46. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З07 - БЛОК 04, Општина Карпош, Скопје“

47. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 04 БЛОК 01 Општина Карпош, Скопје

48. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 04 БЛОК 02 Општина Карпош, Скопје

49. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 04 БЛОК 03 Општина Карпош, Скопје

50. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 04 БЛОК 04 Општина Карпош, Скопје

51. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 04 БЛОК 05 Општина Карпош, Скопје

52. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 01 Општина Карпош, Скопје

53. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 02 Општина Карпош, Скопје

54. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 03 Општина Карпош, Скопје

55. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 04 Општина Карпош, Скопје

56. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 05 Општина Карпош, Скопје

57. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 06 Општина Карпош, Скопје

58. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 07 Општина Карпош, Скопје

59. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 08 Општина Карпош, Скопје

60. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 09 Општина Карпош, Скопје

61. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 10 Општина Карпош, Скопје

62. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 06 БЛОК 11 Општина Карпош, Скопје

## V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
   ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
   Бардовци - стопански комплекс

2. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
   УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА село Бардовци

3. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УПС БАРДОВЦИ БЛОК 10

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 5.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.
Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од приватни иницијативи на заинтересирани граѓани.

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2020 година.

**Број: 09-9170/4**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2020 година**

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/2**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2020 година

### Вовед

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2020 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за екологија и Одделение за енергетска ефикасност. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигнување на свеста на граѓаните за заштита на животната средина во просторот на опфатот на Општината, намалување на потрошувачката на енергија и заштита на животниот стандард на граѓаните, примена на обновливи извори на енергија во замена на фосилните горива, со што како крајна цел е намалувањето на емисиите на $CO_2$ во воздухот.

### I. Развојни приоритети и цели

- Општината Карпош на својата територија ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина (екологија) и енергетската ефикасност;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;

- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини. Заложбата на ЕУ (20,20,20) нé обврзува за намалување на потрошената енергија од 20%, односно намалување на емисијата на $CO_2$ за 20% во период до 2020 година.

## II. Проектни активности

### 1. Одделение за екологија

Одделението за екологија своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Проекти и едукации,
1.6. Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети

| **1.1.** | **Јавна чистота и хигиена** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | За одржување на јавната чистота, Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување на ефикасноста и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се стреми да биде најчистата општина во Скопје. Во 2020 година Општината Карпош планира да ангажира околу 100 - |

| | |
|---|---|
| | 110 сезонски работници кои за својот ангажман ќе бидат исплатени од општинскиот буџет.<br>За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:<br>- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),<br>- Одржување на машините и приборот за работа и набавка на нови машини, алат и потрошен материјал,<br>- Набавка на ХТЗ и друга опрема за работниците,<br>- Чистење на диви депонии,<br>- Поставување и редовно одржување на мобилни тоалети<br>За извршувањето на овие активности Општината Карпош ќе издвои 39.500.000,00 денари. |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Одржување, подобрување и унапредување на јавната хигиена во општината;<br>• Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена<br>• Подобрување на состојбата со јавните зелени површини |
| **Очекувани резултати:** | Почиста, поздрава и поубава општина |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 39.500.000,00 денари |
| 1.2. | **Паркови, јавно зеленило и хортикултура** |
| 1.2.1. | **Одржување на постојното јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и реконструкција на јавни тревни површини***<br>Се мисли на постојните парковски површини, односно замена на оштетената или уништена трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна |

| | |
|---|---|
| | земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br>***Одржување и реконструкција на зелени површини со украсни растенија, дрвја и друга вегетација***<br>Оваа активност се однесува на одржување на украсните растенија преку замена на овенатите или уништени растенија на локациите кои се со цветен насад, како на пример: плоштадот Делфина во населба Влае 2, зелените површини во рамките на ТЦ Лептокарија во Карпош 3, платото кај Педагошка академија, платото со фонтана во Карпош 3, платото кај Млечен ресторан, плоштадот со скалите во Жданец, плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), плоштадот во Бардовци, детскиот сквер на улица Женевска во Тафталице 2, плоштадот во Трнодол, жардињерите во Порта Влае, зеленилото помеѓу улиците Козле 8 и Козле 10 и др.<br>Од друга страна, на дрвјата кои беа насадени изминативе 2-3 години, потребно им е редовно полевање и одржување, особено во летниот период. За таа цел, во текот на летото 2019 година беа ангажирани двете товарни возила со пластични канистри кои ги полеваа дрвцата. Беше воведена и втора смена за оваа намена. И во 2020 година ќе продолжи оваа активност, со тоа што ќе се користат новите две цистерни кои Општината на почетокот на годината ќе ги добие на користење.<br>***Одржување на системите за наводнување***<br>Вакви системи се веќе поставени на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, плоштадот во Бардовци, |

| | |
|---|---|
| | кај платото “Млечен”, во дворот на ООУ Лазо Трповски, зелените површини на ул. Никола Русински (кај ТЦ Лептокарија) и други локации. Овие системи за наводнување неопходно треба да се одржуваат и санираат. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде функционално и во добра состојба |
| **Очекувани резултати:** | • Уредени јавни површини со украсно зеленило,<br>• Средени тревни површини,<br>• Полеани јавни зеленила,<br>• Уредени дрвјата на територијата на Карпош. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 9.000.000,00 денари |
| 1.2.2. | **Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Изградба на нови зелени површини (тревници, дрвја, украсни растенија)***<br>Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на урбаната естетика, па хортикултурното уредување на зелените површини е едно од приоритетните зафати. За таа цел на определен број на локации ќе биде извршено садење на нови дрвца, украсни растенија и тревни површини.<br>Се планираат две акции на садење на дрвца, во пролетниот и есенскиот период од годината, а исто така и подигање на нови тревници и рехабилитација на деградираните тревни површини.<br>Треба да се нагласи и општинското учество во проектот “Адреналински парк”, кој е одобрен за финансирање од Светска банка, а кој се однесува на хортикултурното уредување на таа локација.<br>Предвидени се и средства за започнување на новиот |

| | |
|---|---|
| | парк за одмор и рекреација кој треба да се гради во близина на кејот на реката Вардар. Средствата се однесуваат за подготвителните работи, чистење и рамнење на теренот.<br>Најавени се и неколку донации од страна на општествено одговорни правни субјекти за ново зеленило и дрвца, кои се секогаш добредојдени.<br>***Изградба на нови автоматски системи за наводнување***<br>Во текот на 2020 година планирано е со овие активности да се продолжи и на други локации. За таа цел средствата за нови системи за полевање се зголемени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување состојбата на јавните зелени површини преку нови хортикултурни решенија |
| **Очекувани резултати:** | Нови уредени зелени површини |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 12.000.000,00 денари |
| 1.3. | **Урбана опрема** |
| 1.3.1. | **Одржување на урбаната опрема** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и санација на оштетени парковски клупи за седење и корпи за отпадоци***<br>Дел од поставените клупи се оштетени од забот на времето и временските услови, па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако |

| | |
|---|---|
| | потребни.<br>***Одржување на детските и спортските игралишта***<br>На територијата на Општината Карпош има голем број на детски игралишта, кои поради експлоатација на истите со тек на времето, треба да се санираат, заменуваат, бојадисуваат и слично. За жал, реквизитите на овие игралишта честои се и мета на недоговорни граѓани кои најчесто во доцните вечерни часови намерно ги оштетуваат. Акцентот во 2020 година ќе биде на пофреквенто и поефикасно санирање на оштетувањата, замената на материјалот на најчесто оштетуваните реквизити и промената на подлогата на неколку игралишта (од песок во гумирана подлога), се разбира во рамките на финансиските можности.<br>Во врска со реквизитите на спортските игралишта, исто така ќе се врши чест мониторинг и оштетените реквизити ќе бидат санирани во најкус можен рок.<br>***Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи***<br>Се работи за реконструкција на оградите, металните столбчиња и останати браварски работи и нивно тековно одржување.<br>***Одржување на фонтаните***<br>Изградените четири фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае, на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци и плоштадот во УЗ П.Б.К (спроти студентски дом Гоце Делчев), како и евентуално други фонтани кои би се изградиле во следниов период, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Исправна и функционална урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | Одржувани и функционални клупи за седење, корпи |

| | |
|---|---|
| | за отпадоци, реквизити на детски и спортски игралишта, метални огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 16.000.000,00 денари |
| 1.3.2. | **Поставување на нова урбана опрема** |
| **Опис на активности:** | Новите детски игралишта се исто така една од приоритетните активности од областа на урбаната опрема. Изградбата на новите игралишта со реквизити безбедни за децата се врши или на локации кои се со многу оштетени и застарени реквизити или на сосема нови локации. Оваа година се планира изградба на 3 такви игралишта, со што ќе бидат исцрпени средствата од постоечкиот Договор за јавна набавка.<br>Поставувањето на нови клупи за седење и корпи за отпадоци исто така ќе продолжи во 2020 година, а ќе се реагира претежно по барање на урбаните заедници и самите граѓани.<br>Се предвидуваат и финансиски средства за учеството на Општина Карпош во проектот “Адреналински парк” кој ќе се изгради во близина на кејот на реката Вардар. Средствата ќе бидат наменети за детско игралиште, клупи, корпи и друга урбана опрема. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Нова, стилска урбана опрема за релаксација на граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | Нови функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, детски игралишта, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 11.000.000,00 денари |
| **1.4.** | **Имплементација на ЛЕАП-от преку годишни активности** |
| **Опис на активности:** | ***Имплементирање на ЛЕАП 2 за 2020 година и реализација на проектите и активностите од Акцискиот план за 2020 година.***<br>По усвојување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година, ќе следи комисиско определување на активностите за имплементација на проекти во рамките на ЛЕАП 2. За таа цел Комисијата за спроведување на активностите од ЛЕАП ќе изработи Акциски план за 2020 година со конкретни мерки и активности за реализација, кој потоа ќе биде усвоен на седница на Советот на Општина Карпош. Во тој Акциски план на годишно ниво ќе бидат определени приоритетните проекти предвидени за реализација во 2020 година.<br>Како приоритетни за 2020 година се предлагаат две активности за реализација, и тоа:<br>• Подигнување на јавната свест со цел да се почитува Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата- котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки.<br>• Промовирање на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира.<br>Сепак, последниот збор ќе го има горенаведената комисија и Акцискиот план ќе биде подготвен за |

| | |
|---|---|
| | реализирање по неговото усвојување од страна на Советот на Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Карпош – еколошки просперитетна општина; здрава животна средина за сите граѓани |
| **Очекувани резултати:** | Имплементација на определен број на активности предвидени во ЛЕАП-от со што би се дал придонес за почиста и поздрава животна средина. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| 1.5. | **Проекти и едукации** |
| **Опис на активности:** | Во ноември 2019 година Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош објави Јавен повик за изготвување и реализација на проекти од областа на животната средина и природата, наменет за здруженија на граѓани и невладини организации, на кој тие можеа да поднесат предлог проекти. Од пристигнатите 7 проекти, Комисијата за избор на изготвувачи и реализатори на проекти, одлучи да се доделат финансиски средства за 6 предлог проекти, и тоа:<br>1. “Е-изложба: Создаваме уметност од електричниот отпад”<br>Предлагач и реализатор: Здружение на граѓани „Натура Тера”<br>Буџет: 200.000 денари<br>2. “Учам и се грижам: Влијанието на климатските промени и е-отпад”<br>Предлагач и реализатор: Здружение на граѓани “Зелена планета 7”<br>Буџет: 200.000 денари |

| | |
|---|---|
| | 3. “Фати го ветрот, користи го сонцето”<br>Предлагач и реализатор: Асоцијација на здружение на инженери “Инженерска институција на Македонија”<br>Буџет: 300.000 денари<br>4. “Електромагнетно зрачење”<br>Предлагач и реализатор: Здружение на граѓани “Институт Меди”<br>Буџет: 200.000 денари<br>5. “Препознај, сортирај, интервенирај”<br>Предлагач и реализатор: Здружение на граѓани “Интеркултура”<br>Буџет: 250.000 денари<br>6. “Еколошка револуција во Карпош”<br>Предлагач и реализатор: Здружение на граѓани “Фор Селект”<br>Буџет: 350.000 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттикнување на еколошката свест и одговорност кај разни категории на граѓани на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Поголема свесност кај граѓаните на Општина Карпош (особено младите и децата) за важноста и неопходноста од здрава и чиста животна околина, како и добивање на многу информации кои ќе им користат во понатамошниот период од животот. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.500.000,00 денари |
| **1.6.** | **Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети** |
| **Опис на активности:** | Општината Карпош планира и во текот на 2020 година да реализира проектна активност со наслов |

| | |
|---|---|
| | ”Цел Карпош на точак” со цел да го промовира користењето на велосипед како превозно средство и како средство за рекреација. Активноста ќе се спроведе по теркот на овогодинешното субвенционирање.<br>Планирано е купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош да биде субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 3.000 денари. Со тоа, граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, ќе добијат уште еден стимул за користење на велосипеди.<br>Во 2020 година се планира, за прв пат, да се имплементира и субвенционирање на купувањето на нов електричен тротинет, при што ќе се субвенционираат 30% од вредноста, но да не се премине сумата од 6.000 денари.<br>За акцијата на субвенционирање велосипеди и електрични тротинети предвидени се вкупно финансиски средства во висина од 500.000 денари (300.000 денари за велосипеди и 200.000 денари за електрични тротинети), а истата ќе биде важечка до исцрпување на средствата. |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Почиста животна средина во општината, односно помала емисија на штетни гасови;<br>• Намалување на сообраќајот;<br>• Подобрување на здравјето на граѓаните – корисници на велосипеди и електрични тротинети. |
| **Очекувани резултати:** | Почиста општина, поздрави граѓани |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |

**2. Одделение за енергетска ефикасност**

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Активности од обласата на енергетската ефикасност.

| **2.1.** | **Јавно осветлување** |
|---|---|
| **2.1.1.** | **Одржување на јавното осветлување** |
| **Опис на активности:** | ***Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување***<br>Искуството од 2013 година па наваму, односно поделбата на територијата на Општина Карпош на повеќе реони и соодветно на тоа одржувањето со повеќе економски оператори, се покажа како модел поуспешен од претходниот кога само еден економски оператор беше ангажиран за одржување на јавното осветлување. Поради тоа, овој модел ќе се применува и во 2020 година.<br>Освен замена на прегорените светилки и отклонување на појавените дефекти, се планира и реконструкција на старите системи за јавно осветлување, што подразбира промена и на комплетната инсталација, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.<br>***Такси за електрични приклучоци***<br>Во текот на тековната година Општината Карпош |

| | |
|---|---|
| | повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 38.000.000,00 денари (18.000.000,00 денари за сметки) |
| 2.1.2. | **Изградба на нови системи на јавно осветлување** |
| **Опис на активности:** | ***Подготовка на проектна документација***<br>Подготовката на проекти (и нивното ревидирање) на новопоставеното јавно осветлување претставуваат законска обврска, која Општина Карпош и понатаму ќе ја исполнува.<br>***Ново јавно осветлување***<br>Поставувањето на ново осветлување се однесува на јавни површини каде досега воопшто не постоело осветлување. Таквите локации за работа (улици, паркинзи, пристапи, патеки и други јавни површини) во текот на 2020 година ќе зависат од градежните активности во општината. |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Поосветлен и побезбеден Карпош;<br>• Овозможување на одлични технички услови за спортување и рекреирање во училиштата и урбаните/месните заедници. |
| **Очекувани резултати:** | Поставување на нови светилки и нова електрична |

| | |
|---|---|
| | инсталација, со висок степен на квалитет, ефикасност и штедливост. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 17.500.000,00 денари |
| 2.2. | **Активности од областа на енергетската ефикасност** |
| 2.2.1. | **Проектни активности од областа на енергетската ефикасност** |
| **Опис на активности:** | **1. Субвенционирање на енергетско ефикасни фасади и кровови**<br>Општината Карпош продолжува со активностите за субвенционирање на ЕЕ фасади и кровови. Согласно потпишаниот договор со партнерот од овој проект “Хабитат Македонија”, кој ќе ги поддржи Заедниците на сопственици на станови и куќните совети со поволни услови за давање средства за учество во проектот, ќе се распише јавен повик на кој овие правни субјекти ќе можат да учествуваат со сопствени финансиски средства кои ќе бидат најмалку 50% од вредноста на инвестицијата. Согласно објавените критериуми ќе биде направена ранг листа, по што ќе започне реализацијата со учество на финансиски средства од Општината Карпош.<br>Приоритет за добивање субвенција ќе имаат Заедниците на сопственици на станови и куќни совети кои ќе имаат најголемо сопствено учество во проектот.<br><br>Вредност: 4.000.000 денари<br>(3.000.000 денари за фасади и 1.000.000 денари за кровови) |

| | |
|---|---|
| | **2. Изработка на нова тригодишна Програма за енергетска ефикасност 2020 - 2022 година**<br>За потребите на Општината се изработува нова тригодишна програма за енергетска ефикасност согласно новиот Закон за енергетика, Законот за енергетска ефикасност и новата методологија која треба да се донесе за изработка на овие програми до крајот на 2019 година.<br><br>Без фискални импликации<br><br>**3. Замена на внатрешното осветлување во објектите на училиштата и градинките со штедливи високофреквентни светилки или лед осветлување**<br>Недоволната осветленост и стробоскопскиот ефект (треперење) на светилките кои работат на 50 Hz, се причината поради која согласно европските стандарди, во еден дел на објекти (основни училишта и детски градинки) е заменето осветлувањето со високофреквентни штедливи светилки кои овозможуваат осветлување од 300 lux на работните простории и немаат штетно влијание на видот на децата. Оваа активност ќе продолжи до замената на осветлувањето во преостанатите објекти во надлежност на општината.<br>Акцентот ќе биде на промената на рефлекторите во спортските сали во училиштата.<br><br>Вредност: 350.000,00денари<br><br>**4. Проект за мониторинг на потрошувачките на сите видови на енергии во Општина Карпош**<br>Се планира да се следи моментната потрошувачка во делот на јавното осветлување, како и сите објекти во надлежност на општината (основни училишта, |

| | |
|---|---|
| | детски градинки и административни објекти) на посебен сервер систем кој ќе ги прикажува и трансферира на месечно ниво во ExITE базата на податоци податоците од потрошувачката на топлинска и електрична енергија. Мониторингот е првата фаза која е предуслов за управувањето со потрошувачката, што ќе следи со надградба на овој систем.<br><br>Финансиски средства од надворешни субјекти со учество на општината<br><br>**5. Проект за замена на рефлекторските системи во спортски и детскии гралишта**<br>Со замената се предвидува поставување на лед рефлектори од 120W со ист светлосен флукс, со што ќе се обезбеди заштеда од 70%, со подобра осветленост на просторот и автоматизација на системот за вклучување и исклучување.<br><br>Финансиски средства од надворешни субјекти со учество на општината<br><br>**6. Нов проект „REPLACE“од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија за индивидуални системи за греење и ладење од обновливи извори на енергии**<br>Општината Карпош, заедно со општините Аеродром и Ѓорче Петров е партнер на општини и градови од 9 европски и балкански држави во проектот со кој ќе се развиваат системи за греење и ладење од обновливи извори на енергии во резиденцијалниот сектор, индивидуалните и индустриските објекти во општината .<br>Ова е во насока на стратешката определба на општината за замена на фосилните горива со |

| | |
|---|---|
| | системи од обновливи извори на енергии .<br><br>Без фискални импликации<br><br>**7. Соработка со високошколските институции за изработка и практична примена на научни трудови за конкретни проекти кои ќе се реализираат во Општина Карпош**<br>Во соработката со високошколските институции, Општина Карпош понуди целосна поддршка во изработка на научни трудови, магистерски и докторски теми, кои како проекти ги реализиравме на објектите во надлежност на Општината.<br>Општината им излегува во пресрет на студентите од Електротехничкиот и Машинскиот факултет за семестрални студентски пракси кои студентите ги реализираат во Одделението за енергетска ефикасност<br><br>Без фискални импликации<br><br>**8. Замена на котелскиот систем за греење на нафта во ООУАврам Писевски со комбиниран систем за греење на соларни колектори и термални пумпи воздух/ вода**<br>Ова е последниот греен систем во општината на фосилно гориво и целта е да се замени со комбиниран и термални пумпи воздух/вода со доволен капацитет да се покријат потребите за високо температурно греење (55°C) во ООУ Аврам Писевски, но и да се приклучи на новата градинка „Пролет“ во дворот на истото училиште .<br><br>Финансиски средства од надворешни субјекти со учество на општината |

| | |
|---|---|
| | **9. Поставување на хибридни соларни системи за електрична енергија и санитарна топла вода на јавните објекти во надлежност на општината**<br>Хибридната фотоволтаична технологија овозможува 20% повеќе електрична енергија од стандардните фотоволтаични панели и 600KWh топлинска енергија по 1$m^2$ површина на панелот. Со тоа периодот на поврат на инвестицијата се намалува до 50% од стандардните системи.<br>Согласно новиот Правилник за ОИЕ и новите законски решенија во законите за Енергетика и ЕЕ.<br>Ќе се направи пилот проект и студија за најповолен објект (училиште,градинка) на кој ќе се инсталира ваков систем што треба да задоволи најмалку 80% од потребите на електрична енергија од мрежа и 100% од потребите за санитарна топла вода.<br><br>Вредност од 300.000 денари учество на општината, остатокот од надворешни средства |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на енергетската ефикасност во областите кои се во надлежност на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на трошоците преку намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија; подобар и поефективен увид на потрошувачката и постепено воведување на алтернативни (обновливи) извори на енергија. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 5.200.000,00 денари |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **169.200.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2020 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**IV. Завршни одредби**

Секторот за Екологија и енергетска ефикасност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-9170/5**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош**
**во областа на развојот за 2020 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2020 година, донесена на триесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/3**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2020 година**

**Вовед**

Согласно заложбите на Секторот за развој на Општина Карпош, во оваа програмата се опфатени различни проекти кои ги вклучува малите и средни претпријатија, младите лица, занаетчиите, како и сите граѓани на територија на Општина Карпош, со цел преку низа активности, мерки, обуки и проекти да се придонесе за подигнување на локалниот економски развој на територија на Општина Карпош

**1. “Подготивка на Стратешки План за локален развој на Општина Карпош 2020 – 2024”**

**I. Развојни приоритети и цели**

Досега Општина Карпош има изработено и имплементирано четири Стратегиски планови за развој, и тоа за периодите 2002-2004, 2006-2008, 2009-2013 и 2015-2019 година. Со споменатите стратешки планови беа предвидени голем број на проекти и активности, од кои, значителен број беа успешно имплементирани. Реализацијата на проектите придонесе Општина Карпош да забележи видлив развој во сите сфери на нејзиното работење. Овој документ прави пресек на досега преземените активности за планирање на локалниот развој во Општината и дава преглед на најважните делови на тој процес. Врз основа на овие активности се согледуваат можните насоки за идниот стратегиски документ на Општината за периодот 2020-2024 година.

Носител на процесот на изработка и донесување на документот е Градоначалникот Стефан Богоев. Секторот за развој ќе ја координира постапката за подготовка на документот. Се предвидува да се користи и надворешна експертска поддршка на процесот која ке биде обезбедена од консултанти.

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Методологијата на подготовката на документот ќе се одвива во три фази.<br>**Првата фаза** ќе направи согледување на компаративните предности на Општината Карпош, ќе се анализираат остварувањата од претходно донесените стратешки документи на Општината и ќе се дефинираа предлози за стратешките насоки во работењето за наредниот четиригодишен период.<br>**Втората фаза** се однесува на собирање на предлози на проектни идеи за остварување на стратешките цели во надлежностите на локалната самоуправа.<br>Процесот на собирање на предлозите ќе почне со одржување на семинар на кој ќе има претставници од сите сектори на општинската администрација, дел од членовите на Советот на Општината, претставници од бизнис секторот и од невладините организации што делуваат на територијата на Општината Карпош.<br>**Третата фаза** опфаќа активности на донесување на документот од страна на Советот на Општината. Предлог документот треба да биде предмет на расправа на комисиите на Советот, а неговото усвојување е од страна на Советот на Општината Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Намената на документот е да ги утврди главните стратешки правци на работење на локалната самоуправа Карпош во наредниот четиригодишен период 2020-2024 година. |
| **Очекувани резултати:** | Овој документ треба да претставува средство за комуникација со граѓаните, со домашната и странската јавност како и да биде добра основа за мобилизирање на луѓе, надворешна поддршка и |

| | |
|---|---|
| | финансиски средства за остварување на зацртаните стратешки цели. |
| **Целна група:** | Граѓаните, домашната и странската јавност, претставништва од други држави (Амбасади, Здруженија и сл.) |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **550.000,00 денари** (две ноќевања со храна и превоз за 50 луѓе од сите сектори, претставници од Советот на Општина Карпош, невладини организации, бизнис заедницата и други учесници, исплата на надворешен консултант, печатење на материјалот) |

## 2. Започни го својот бизнис

### I. Развојни приоритети и цели

Жените кои од различни причини се останати без работа или се без никакво работно искуство тешко се позиционирани на пазарот на трудот. Затоа, Центарот за поддршка и креативен развој од Скопје, сака во соработка со Општина Карпош да помогне барем мал дел од овие жени да развијат способности и да се охрабрат да започнат сопствен бизнис. Со проектот Започни го својот бизнис, ќе се обучат 12 жени жители на Општина Карпош како да станат претприемачи и да ја свртат судбината во своја корист. Особено ќе се поттикнат жените од ранливите категории кои се во понезавидна ситуација да учествуваат на обуката. Искусни обучувачи и експерти од областа ќе им помогнат да ги осознаат правните и економските принципи на водењето бизнис преку три модула на обуката.

Преку овој проект ќе се извлечат јаките страни на секоја учесничка и ќе им се помогне да стекнат поголема самодоверба и да се охрабрат да започнат свој бизнис кој позитивно ќе влијае во нејзиниот живот.

### II. Проектни активности

| **1.** | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | **1. Селекција (Август, 2020)**<br>Центарот во соработка со Секторот за развој во Општина Карпош ќе изготви повик до жените од општината да се пријават за учество во проектот. Пристигнатите пријави тимот ќе ги разгледа и ќе |

| | |
|---|---|
| | изврши селекција на 12 жени врз основа на предходно дефинирани критериуми.<br>**2. Модул 1 (Септември, 2020)**<br>Ова е почетен модул од обуките кој опфаќа запознавање со учесниците и дефинирање на нивото на нивните лични и професионални способности. Ова е важно за понатамошниот курс на обуката, на што посебно да се обрне внимание и да се прилагодат темите (еден вид на tailor made обуки)<br>**3. Модул 2 (Септември, 2020)**<br>Обучувачи ќе бидат ангажирани за покривање на сите аспекти за започнување на бизнис, согласно резултатите од модул 1. Тоа опфаќа запознавање со правната регулатива, законските обврски, потоа можностите за финансирање, поволни кредити и достапни фондови, развивање на маркетинг стратегија, брендирање итн.<br>**4. Модул 3 (Октомври, 2020)**<br>Завршниот модул предвидува обука за пишување на бизнис план, развивање стратегија и краткорочни планови за работа, како и презентации на успешни приказни и иновативни идеи.<br>**5. Завршен настан (Октомври, 2020)**<br>По успешното завршување на обуката, може да се организира симболична свеченост во просториите на Општина Карпош, со доделување на сертификати/потврди за завршена обука за започнување на сопствен бизнис. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зајакнување на капацитетите на жените и охрабрување да започнат сопствен бизнис<br>• Да се поттикне препприемачкиот дух кај жените;<br>• Да се развијат способности и да се стекнат знаења за започнување и успешно водење на сопствен бизнис;<br>• Да се дефинираат силните и слабите страни на |

| | |
|---|---|
| | секоја жена учесник во проектот; |
| **Очекувани резултати:** | 12 жени се обучени и имаат развиено капацитети за започнување на сопствен бизнис. |
| **Целна група:** | 12 жени од Општина Карпош кои имаат желба да започнат сопствен бизнис, со посебен акцент на ранливите категории (самохрани мајки, жртви на насилство) |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **138.200,00** (координатор на проект, обучувачи, оперативни трошоци, изработка на банери)<br>Времетраење: 3 месеци |
| **Проектот е предложен од** | Центар за поддршка и креативен развој Скопје |

## 3. Организирање на хуманитарен настан DRIVE FOR COLON CANCER AWARENES

### I. Проектни активности

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | ➢ Еднодневен настан поделен во два дела<br>➢ Хуманитарно возно дефиле на атрактивни автомобили во уредна делегирана колона со обележани возила која поаѓа од точка А застанува за фото сесија, продолжува до точка Б каде се паркираат возилата<br>➢ Хуманитарна забава на местото каде пристигаат автомобилите<br>➢ Официјално обраќање на организаторите од DFCCA,<br>➢ Забавна програма со можност за циркулирање на граѓани и собирање на донации |
| **Стратешки насоки и цели:** | Главна цел на овој проект е собирање на средства кои се наменети за кампањата за борба против ракот на дебелото црево и малигнитетот кај децата. |
| **Очекувани резултати:** | ➢ Собрани средства за кампањата за борба против ракот на дебелото црево и малигнитетот кај децата. |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Граѓани на Општина Карпош и Град Скопје |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **75.000,00 денари** средства потребни организирање на настанот |
| **Проектот е предложен од** | ДФЦЦА |

## 4. "Моја картичка – мој Карпош“

### I. Проектни активности

| | **Мој Карпош – моја картичка** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во месец мај означуваме точно една година од официјално пуштање на првата картичка "Моја картичка, мој Карпош". Од тие причини се предвидува целосно ревидирање на сите пријавени правни лица, даватели на услугата, со цел да имаме реална бројка на понудувачи од една страна и задоволни граѓани од друга страна.<br>Исто така, се планира Секторот за развој да направи еден поголем настан со цел да означиме една година на успешно функционирање и користење на картичката.<br>За таа цел, на настанот ќе бидат поканети сите правни лица кои ја даваат оваа услуга и ќе говорат за нивните придобивки од вклучувањето во овој проект, а исто така настанот ќе биде наменет и за граѓаните од територија на Општина Карпош, каде со музика и забава ќе се обележи овој ден и ќе се промовираат одредени новитети од правните лица, а итовремено на лице место ќе се издаваат картички за граѓаните кои се уште немаат картичка. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Главни карактеристики на картичката за попусти во поглед на корисниците<br>➢ Обезбедува % попуст на производите/услугите |

| | |
|---|---|
| | ➢ во приватните претпријатија и кои имаат засновано партнерски однос<br>➢ Заштеда на буџетот<br>➢ Обезбедува чувство на припадност<br>Главни карактеристики на картичката во поглед на партнерите (претпријатијата)<br>➢ Зголемена посетеност на објектите на потенцијални потрошувачи,<br>➢ Зголемување на продажбата како резултат на дадените попусти,<br>➢ Подобрување на имиџот на компанијата,<br>➢ Бесплатно маркетинг средство |
| **Очекувани резултати:** | ➢ Зголемена доверба на граѓаните кон општината<br>➢ Зголемен број на задоволни граѓани<br>➢ Остварени цврсти контакти со претпријатијата<br>➢ Грижа кон институциите и граѓаните од Карпош |
| **Целна група:** | Сите жители на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **100.000,00 денари** (Средствата се наменети за организација на еднодневниот настан: промотивни флаери, дј, озвучување, банери и сл. |

## 5. Денови на занаетчиите

### I. Развојни приоритети и цели

Како добар начин за промоција на занаетчиите и изработувачите на лични ракотворби е поставување на штандови, на атрактивни локации поради поголема посетеност од страна на граѓаните на Општина Карпош и Град Скопје. За таа цел пред Велигденските празници, ќе бидат поставени штандови, каде занаетчиите ќе може на лице место да изготвуваат, изложуваа и продаваат лични ракотворби.

На тој начин ќе може да се промовираат старите занаети и граѓаните да се запознаат со нив.

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поставување на штандови на плоштад Делфина |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на старите занаети |
| **Очекувани резултати:** | Доближување на граѓаните од страна на ракотворбите |
| **Целна група:** | Изработувачи на лични ракотворби |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **30.000.00 денари** (поставување на штандови) |

# 6. Крводарителска акција

## I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош е препознатлива по дарување на најголем број крвни единици од сите други општини во Македонија. Акцијата се организира заедно со Завод за трансфузиологија и Црвен крст од Општина Карпош, во самата општина, на која се поканувaат сите граѓни од цела територија на Република Македонија да земат учество.

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поставување на пунктови на територија на О.Карпош два пати во годината (мај и октомври) |
| **Стратешки насоки и цели:** | Вклучување во хуманитарна акција и дарување на крв. |
| **Очекувани резултати:** | Обезбедување на голем број на крвни единици |
| **Целна група:** | Граѓани на О.Карпош, граѓани на Град Скопје |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / |

## 7. Интернационална Тортијада 2020 и традиционална скопска Тортијада

### I. Развојни приоритети и цели

Манифестацијата претставува натпревар и презентација на учесниците во правење и декорација на торти и можност на граѓаните да уживаат во креациите на аматерите и професионалциите од оваа дејност.

### II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Претставување на професионалци и аметери во креација и декорација на торти со цел нивна промоција. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку лицитација на тортите им се нуди на граѓаните да ја покажат својата хуманост, а собраните средства ќе бидат наменети во соодветни цели. |
| **Очекувани резултати:** | ➢ Учество на слаткарници, ресторани и граѓани<br>➢ Успешно претставување на општината |
| **Целна група:** | Учесниците ќе се натпреваруваат во две категории, и тоа:<br>➢ **Аматерска** – ќе учествуваат граѓани кои не се занимаваат професионално со изработка на торти<br>➢ **Професионална** – ќе земат учество слаткарници или ресторани кои се регистрирани за вршење на таа дејност. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **40.000,00 денари** (овие средства се однесуваат на купување на карти за завршната/ревијалната вечера за Тортијадата и за хуманитарни цели) |

## Табеларен приказ на буџетот по проекти:

| Проект | Предвидена финансиска рамка |
|---|---|
| 1. Подготивка на Стратешки План за | 550.000,00 |

| | |
|---|---|
| локален развој на Општина Карпош 2020 – 2024 | |
| 2. Започни го својот бизнис | 138.200,00 |
| 3. Организирање на хуманитарен настан DRIVE FOR COLON CANCER AWARENES | 75.000,00 |
| 4. "Моја картичка – мој Карпош“ | 100.000,00 |
| 5. Денови на занаетчиите | 30.000,00 |
| 6. Крводарителска акција | 0 |
| 7. Интернационална Тортијада 2020 и традиционална скопска Тортијада | 40.000,00 |
| | |
| ВКУПНО | 933.200,00 |

Вкупниот буџет за реализација на програмата на секторот за развој е 933.200,00 денари.

Број: 09-9170/6
Датум: 26.12.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1.Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/4**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА

Програмата содржи:

I. Просторот на уредување;
II. Обемот на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на секундарната инфраструктура;
IV. Извори на финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
V I. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
V II. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII.. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
X. Динамика за извршување на Програмата;

### I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош определено со ДУП.

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14 и 115/14, 149/15, 190/16, 193/16 и 72/18), со тоа што Општина Карпош врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:

- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Карпош
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа;

- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2020 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Карпош за 2019 година и ги опфаќа работите предвидени со програмите Ф1, Ф2, ФА, ФД, ГА, ГД, ВА, ЈО, Ј3, Ј4,Ј6, Ј7, Ј8, Ј9, ЈА, ЈД, ЈО, ЈИ, ЈМ, ЈН, ЛА, НА и П1 како следува:

**ПРИХОДИ**

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ | 432.238.000,00 |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | **417.000.000,00** |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 417.000.000,00 |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 417.000.000,00 |
| | | | 717137 | Надомест за уредување на | 375.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | градежно земјиште | |
| | | | 717116 | Комунална такса за јавно осветлување | 42.000.000,00 |
| 73 | | | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **10.000.000,00** |
| | 733 | | | Продажба на земјиште И нематријални вложувања | 10.000.000,00 |
| | | 7331 | | Продажба на земјиште И нематријални вложувања | 10.000.000,00 |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект | 10.000.000,00 |
| **74** | | | | **Трансфери и даноци** | **5.238.000,00** |
| | 741 | | | Трансфери од други нивоа на власта | 5.238.000,00 |
| | | 7411 | | Тековни трансфери од други нивоа на власта | 5.238.000,00 |
| | | | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 5.238.000,00 |

Овие приходи се распоредуваат на програмите и потпрограмите :

# П Р О Г Р А М А
# За урбано планирање на Општина Карпош
# За 2020 година

Програмата за урбано планирање (Ф) се состои од следните подпрограми:

1. Ф.1О. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

2. Ф.2О. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**( тековно-оперативни трошоци )**

3. Ф.АО. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**(капитални трошоци)**

4. Г.ДО. ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## 1. Ф10 - ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
## 2.Ф20 - ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
**( тековно-оперативни трошоци )**

ВОВЕД:
Тековно-оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на :

- Детални урбанистички планови
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место

Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

**РАСХОДИ**

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | ВИДОВИ НА РАСХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | **39.500.000,00** |
| 42 | **Урбанистичко планирање** | | | | **7.000.000,00** |
| | 425 | | | Договорени услуги | **7.000.000,00** |
| | | 4256 | | Урбанистичко планирање | 5.000.000,00 |
| | | | 425640 | Изгработка на урбанистички планови, геодетски подлоги и ревизија | 5.000.000,00 |
| | | 4259 | | Други договорни услуги | 2.000.000,00 |
| | | | 425940 | Рушење на објекти | 2.000.000,00 |
| | | | | Рушење на објекти на територија | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на Општина Карпош и асистенција | 2.000.000,00 |
| **48** | | | | **Каптални расходи** | **32.500.000,00** |
| | 481 | | | Градежни објекти | 32.200.000,00 |
| | | 4811 | | Градежни објекти | 32.200.000,00 |
| | | | 481130 | Реконструкција на станбени објекти<br>- Изработка на лифтови во згради<br>- Изработка на фасади | **25.000.000,00**<br>2.600.000,00<br>22.400.000,00 |
| | | | 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 3.400.000,00 |
| | | | 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 3.800.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | **300.000,00** |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 300.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 100.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 200.000,00 |

3. ФАО -ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 48.400.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 48.400.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 39.400.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 39.400.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 4.200.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти | 35.000.000,00 |
| | | | | **А) Изградба на водоводна мрежа и проекти** | 19.000.000,00 |
| | | | | Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено надоместок за уредување на градежно земјиште | |
| | | | | **Б) Изградба на фекална канализација со проекти** | 12.000.000,00 |
| | | | | Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно замјиште | |
| | | | | **В) Изградба на атмосферска канализација со проекти** | 3.000.000,00 |
| | | | | Договорни обвски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | земјиште | |
| | | | | **Е) Изградба на пристапни патеки за лица со посебни потреби** | 1.000.000,00 |
| | | | | - На цела територија на Општината сите пешачки премини-рампи<br>- Општински објекти, училишта и градинки. | |
| | | | 482940 | **Надзор над изградбата** | **200.000,00** |
| | 485 | | | **Други нефинансиски средства** | **9.000.000,00** |
| | | 4854 | | Нематријални средства | 9.000.000,00 |
| | | | 485420 | Надомест за одземен имот | 9.000.000,00 |

4. ГДО- ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | **5.200.000,00** |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | | | | 5.200.000,00 |
| | 464 | | Разни трансфери | | 5.200.000,00 |
| | | 4649 | | Разни трансфери | 5.200.000,00 |
| | | | 464990 | Други трансфери | 5.200.000,00 |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# П Р О Г Р А М А
# За комунални дејности на Општина Карпош
# За 2020 година

Програма за комунални дејности (Ј) се состои од следните Под-програми:

1. БАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
2. ЈОО- ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
3. Ј3О- ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
4. Ј4О- ЈАВНА ЧИСТОТА
5. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ
6. Ј7О-ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
7. Ј8О-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
8. Ј9О-ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ
9. ЈАО- ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
10. ЈДО- ИЗГРДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ
11. ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА
12. ЈМО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО
13. ЈНО- УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕНИ РАСХОДИ)
14. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

15. НАО-ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

16. Н10-ОБРАЗОВАНИЕ

17. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

1. ВАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 7.150.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 7.150.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 7.150.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 7.150.000,00 |
| | | | 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објект | 100.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 7.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 50.000,00 |

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 16.200.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 16.200.000,00 |
| | 424 | | Поправка и тековно одржување | | 16.200.000,00 |
| | | 4243 | | Поправка и тековно одржување | 16.200.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби | 16.200.000,00 |
| | | | | - Одржување на клупи<br>- Одржување на корпи за отпадоци<br>- Одржување на огради и други браварски работи<br>- Одржување на детски и спортски игралишта<br>- Одржување на патеката за ролери | |

2.ЈОО- ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

3. ЈЗО- ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 56.000.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 56.000.000,00 |
| | 421 | | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | | **18.000.000,00** |
| | | 4211 | | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 18.000.000,00 |
| | | | 421110 | Електрична енергија | 18.000.000,00 |
| | 424 | | | **Поправка и тековно одржување** | **38.000.000,00** |
| | | 4243 | | Поправка и тековно одржување | 38.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби - Одржување на електрична инсталација, канделабри и промена на светилки и | 38.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | новогодишно украсување | |

4. Ј40- ЈАВНА ЧИСТОТА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 40.500.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 40.500.000,00 |
| | 421 | | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | | **4.500.000,00** |
| | | 4211 | | Други комунални такси | 3.500.000,00 |
| | | | 421190 | Други комунални такси | 3.500.000,00 |
| | | 4214 | | Транспорт | 1.000.000,00 |
| | | | 421410 | Горива и масла | 1.000.000,00 |
| | 423 | | **Ситен инвентар, алати и други материјали за поправка** | | **3.000.000,00** |
| | | 4239 | | Ситен инвентар, алати и други материјали за поправка | 3.000.000,00 |
| | | | 423990 | Други материјали | 3.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 427 | | | **Привремени вработувања** | **33.000.000,00** |
| | | 4271 | | Привремени вработувања | 33.000.000,00 |
| | | | 427110 | Други договорни услуги<br>- Ангажирање на сезонски работници | 33.000.000,00 |

5. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **26.619.000,00** |
| 42 | **Стоки и услуги** | | | | **26.619.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 26.619.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и тековно одржување | 26.619.000,00 |
| | | | 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта<br>- Локални патишта (за крпење на ударни дупки - Агенција за | 1.571.000,00<br>1.048.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | државни патишта)<br>- Зимско одржување на улици и патишта (Агенција за државни патишта)<br>Одржување на улици и патишта од програмата за уредување на градежно земјиште | 11.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на улици и проекти<br>- Крпење на ударни дупки, прокопи од програмата за уредување на градежно земјиште | 13 .000.000,00 |

6. Ј7О-ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 9.350.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 9.350.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 9.350.000,00 |
| | | 4245 | | Поправки и тековно одржување | 9.350.000,00 |
| | | | 424590 | Одржување на други зелени површини<br>- Одржување и реконструкција на јавно зеленило | 9.350.000,00 |

7. Ј8О-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1.650.000,00** |
| 42 | **Стоки и услуги** | | | | **1.650.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 1.500.000,00 |
| | | 4242 | | Поправки и тековно одржување | 1.500.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 424230 | - Дезинфекција<br>- Ерадикација<br>- Чистење на одводни канали | 1.500.000,00 |
| | | **426** | | **Други опертивни расходи** | **150.000,00** |
| | | | 4269 | Други опертивни расходи | 150.000,00 |
| | | | 426990 | - Подигање на хаварисани возила<br>- Оперативни расходи | 150.000,00 |

**8.** J9O- ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 600.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 600.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 600.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и одржување на други градби | 600.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби | 600.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | На цела територија на Општина Карпош | |

9. ЈАО- ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **18.200.000,00** |
| **48** | **Капитални расходи** | | | | **18.200.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 18.200.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 18.200.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 200.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на јавно | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | осветлување, улично, патеки, паркинзи и на јавни<br>- Осветлување на дворни места на ОУ и детски градинки<br>- Осветлување на детски и спортски игралишта | 17.500.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 500.000,00 |

**10.ЈДО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ**

**РАСХОДИ:**

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **89.119.000,00** |
| **48** | **Капитални расходи** | | | | **65.119.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 65.119.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 65.119.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 482120<br><br>482130 | Изградба на улици, патишта и автопати (Агенција за државни патишта)<br>Реконструкција на улици, патишта и автопати | 2.619.000,00<br><br>62.000.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 300.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 200.000,00 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | | | **24.000.000,00** |
| | 464 | | Разни трансфери | | 24.000.000,00 |
| | | 4649 | | Други разни трансфери | 24.000.000,00 |
| | | | 464910 | Плаќање по суд.решенија | 24.000.000,00 |

**11.** ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 18.100 .000,00 |
| 48 | **Капитални расходи** | | | | 18.100.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 18.100.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 18.100.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти Изградба на паркиралишта, плоштади и платоа во Општина Карпош | 18.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |

12. ЈМО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО

РАСХОДИ:

| Категорија | **Ставка** | **Основ на** | **Потставка** | **Видови расходи** | **Износ во денари** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **ставка** | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **12.000.000,00** |
| **48** | **Капитални расходи** | | | | 12.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 12.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 12.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти<br>Паркови и жардињери | 12.000.000,00 |

13. ЈНО- УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **11.100.000,00** |
| **48** | **Капитални расходи** | | | | 11.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 11.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 11.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти<br>- Клупи<br>- Корпи за отпадоци | 11.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Фонтани | |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |

14. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **6.400.000,00** |
| **42** | **Стоки и услуги** | | | | **6.400.000,00** |
| 48 | | | **Капитални расходи** | | **6.400.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 6.400.000,00 |
| | | 4829 | | Поправки и одржување на други градби | 6.400.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други градби | 3.700.000,00 |
| | | | | Изградба на други објекти | |
| | | | 482930 | Реконструкција на други градби | 2.700.000,00 |
| | | | | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |

15. НАО- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 9.150.000,00 |
| 48 | **Капитални расходи** | | | | **9.150.000,00** |
| | 480 | | Купување на опрема и машини | | 4.600.000,00 |
| | | 4801 | Купување на опрема и машини | | 4.600.000,00 |
| | | 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | | 4.600.000,00 |
| | **482** | | **Други градежни објекти** | | **4.550.000,00** |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 4.550.000,00 |
| | | | 482910 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на друг објект | 350.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 4.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 200.000,00 |

**16. Н10- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**РАСХОДИ:**

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 14.000.000,00 |
| 42 | Капитални расходи | | | | 14.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 14.000.000,00 |
| | | 4242 | Одржување на згради | | 14.000.000,00 |
| | | 424210 | Одржување на згради<br>Оджување на училишните објекти | | 14.000.000,00 |

17. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 3.000.000,00 |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | | | | 3.000.000,00 |
| | 464 | | Разни трансфери | | 3.000.000,00 |
| | | 4649 | | Разни трансфери | 3.000.000,00 |
| | | | 464990 | Други трансфери<br>-Проекти и едукации<br>-Активности од ЛЕАП | 3.000.000,00 |

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Карпош.

## V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

**в)** Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11 ,64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Карпош за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација” – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16).

Ј.П. „Водовод и канализација” - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Карпош.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

**Надоместок**

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Карпош за инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2017 год. изразена во денари/$м^2$ нето изградена површина и истата изнесува 25.490,оо денари/$м^2$.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. **Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни **комуналии** + **пречистителна станица** (1%) | **Погодност - бонитет на локалитетот** (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа-----------------------------------------1,5o%
- Фекална канализациона мрежа---------------------- 1,5o%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за нисконапонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

3. **Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие

објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14 и 115/14, 149/15, 190/16, 193/16 и 72/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),

- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други стредства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Карпош за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% општината за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена секундарна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава ВИ, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле

беспрavно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.

- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.
- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.
- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П.”Водовод и канализација” и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П.”Водовод и канализација”. Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П.”Водовод и канализација”, како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.
- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со инвеститорите.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

| КОМПЛЕКС-1 |
|---|

ДЕЛ-1 (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: З 01, З 02, З 03, З 04, З 05, З 06, З 07, З 08, З 09, ЦС 15, Ј 01, Ј 02, Ј 03 и Ј 04, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Карпош.

| КОМПЛЕКС-2 |
|---|

ДЕЛ-2- (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: СЗ 17, СЗ 19, СЗ 26, ССЗ 01, ССЗ 02 и дел ССИ 03 (по административните граници со Општина Бутел и Општина Чаир), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Карпош.

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата наменети за финансирање на оваа програма.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во"Службен гласник на Општина Карпош" , а ќе се применува од 01.01.2020 година.

**Број: 09-9170/7**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2020 година**

1.Се објавува Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/5**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), и член 5, член 6, став 1 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа програма се планираат работи и утврдуваат финансиски средства за изградба, редовно и инвестиционо оддржување и зимско оддржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, одобрени од Агенцијата за државните патишта на Република Македонија на Општина Карпош за 2020 година, нивната распределба во проценти и износи во денари, како и предвидените активности за реализација на истата.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства од Агенцијата за државните патишта на Република Македонија во вкупен износ од 5.238.000,00 денари, Општина Карпош ќе ги распореди на следниот начин:

А.За изградба на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од вкупно одобрените средства, кои изнесуваат 2.619.000,00 денари

Б.За редовно и инвестиционо оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од вкупно одобрените средства кои изнесуваат 1.571.000,00 денари,

В.За зимско оддржување се предвидуваат средства од висина од 20% од вкупно одобрените средства кои изнесуваат 1.048.000,00 денари.

**Член 3**

Со оваа програма се предвидува извршување на следните активности

-Изградба на нови улици и локални патишта;

-
Реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;

-Одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови и

-Надзор на извршените работи .

**Член 4**

Активностите за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Карпош ќе бидат утврдени од страна на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи на Општината Карпош.

**Член 5**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се реализира во зависност од приливот на средствата од Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, наведени во член 2 од оваа програма.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе обезбеди извршување на оваа програма.

**Член 7**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 1 јануари 2020 година.

**Број: 09-9170/8**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на Култура за 2020година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Култура за 2020година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/6**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев,ср**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2020 година

### I. Развојни приоритети и цели

1. Доближување на културата до сите граѓани.
2. Потикнување на современото општество и нејзино доближување до светските трендови.
3. Заштита, чување и креирање на културното наследство.
4. Враќање на дигнитетот на творецот и творештвото.
5. Воведување на најмладите во креативните процеси.
6. Создавање услови за развој на културата како фактор за економски и социјален развој.

### II. Проектниактивности

| | 1. Карпошово културно лето 2020 |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Културно и забавно анимирање на граѓаните од Општина Карпош во текот на летните месеци |
| **Стратешки насоки и цели:** | Програмата на културно лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината |
| **Очекувани резултати:** | Во програмата ќе бидат застапени познати музичари и уметници од Македонија и пошироко |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.500.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | Целокупна организација на настанот: Надомест за учесниците, техничка организација, реклама. |

| | **2. Финансиска поддршка за проекти од културата** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Давање финансиска подршка на успешните и креативно интересни проекти и активности на творци и културни уметнички друштва од областа на културата, истите да бидат промовирани и презентирани како во Општина Карпош така и пошироко во државата и надвор од нејзе. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. Огласот ќе биде отворен преку цела година до 31.12.2020 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Проектите на заинтересираните преку архивата се доставуваат до оддолението за култура и спорт, а по истите одлучуваат двајца преставници од комисијата за култура од Советот и тројца од администрацијата на Општина Карпош. |
| **Стратешки насокии цели:** | Целта на оваaa активност е афирмација, промоција и подршка на културните активности и творештвото на сите оние што се занимаваат со културата од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Промоција и подршка на културата и нејзините културни дејци, отварање на вратите за запознавање на граѓаните од различни облаасти на култура. |
| **Целна група:** | Жителите и култрните дејци од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | **3. Еднократна финансиска поддршка за културни активности** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на финансиска поддршка на лица од |

| | |
|---|---|
| | Општина Карпош кои се занимават со културата и ќе биде наменета за реализација на разни манифестации и програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината). |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри резултати во културата на лица од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање и потпомагање на културните настани од Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Сите индивидуални творци и културни дејци кои се од подрачјето на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 2.800.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2.800.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2020 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението, Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-9170/9**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев,ср**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош**
**во областа на спортот за 2020 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/7**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2020 година**

## I. Развојни приоритети и цели

- Пропаѓирање и промовирање на спортско рекреативниот, врвниот, забавниот и училишниот спорт.
- Организирање на спортски активности предвидени со програмата за спорт и унапредување и развивање на спортот на локално ниво.
-Зголемување на навиката за спортски живот и подобрување на спортско натпреварувачкиот дух и потикнување на фер игра.
- Се она што е од заеднички интерес во сегментот на рекреативниот забавен спорт, да го обедини, координира и по можност да го усоврши односно да го постави на повисоко ниво.
- Сите граѓани од општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

## II. Проектни активности

| | 1. Училишни спортски игри Карпош 2020 |
|---|---|
| **Опис на активности:** | - Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош ќе се натпреваруваат во спортските дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка (девојчиња), шах, тенис, ракомет, пинг понг, атлетски крос и други спортски активности,<br>- Турнир Одбојка (девојчиња) и фудбал на песок,<br>- Турнир Куп натпревари по повод ден на Општина Карпош во фудбал, кошарка, ракомет, тенис и одбојка (девојчиња), |

| | |
|---|---|
| | - Проектот ќе го реализират вработени во одделението за Култура и Спорт, професори по физичко и здравствено образование, судии од националните федерации, медицински лица и полиција. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Јакнење на менталното и физичкото здравје,<br>- Подобрување на локомоторниот апарат<br>- Зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај учениците спортисти<br>- Докажување на сопствениот талент. |
| **Очекувани резултати:** | - Натпреварувачка атмосфера,<br>- Социјализација (дружење и забава),<br>- Спортско однесување на учениците - навивачи за фер навивање на спортските терени. |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 4.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | - Свечено отварање и затварање на игрите (коктел, балони, конфети, огномет и друго),<br>-Хонорари за судии и делегати (400,00 денари по одигран натпревар на секој судија и делегат поединечно во лигите фудбал, кошарка, ракомет и одбојка - девојчиња, како и за куп натпреварите и натпреварите во одбојка и фудбал на песок),<br>- Наставници (500,00 денари за секој натпревар што ќе го водат својот училишен тим), во лигите фудбал, |

| | |
|---|---|
| | кошарка, ракомет и одбојка - девојчиња, како и за куп натпреварите и натпреварите во одбојка и фудбал на песок),<br>- Спортска опрема (дресови, спортски гаќички) за ученици –натпреварувачи и професори,<br>- Изнајмување на спортски терени (сала),<br>- Разглас (озвучување),<br>- Медицинско лице или итна медицинска помош<br>- Награди за професорите (1 место 10.000,00 денари, 2 место 7.000,00 денари и 3 место 6.000,00 денари),<br>-Награда за најдобро прогласени поединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош (8.000,00 денари),<br>- Пехари, медали, статуетки и признанија,<br>- Наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија за првопласираните училишни тимови и најдобро прогласените спортисти поединци во спортските лиги (фудбал, кошарка, ракомет и одбојка девојчиња) заедно со професорите - тренери, и вработени во Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пансион) |

| | **2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати талентираните спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта, кои со својот квалитет придонесуваат за промоција на општината и државата како на домашен така и на меѓународен план. За сите спортисти кои ќе постигнат егзактни |

| | |
|---|---|
| | (индивидуални) резултати, Општина Карпош ќе додели осум месечни стипендии.<br>Стипендијата се доделува во две категории, и тоа:<br>-Прва категорија во висина од 3.000,00 денари, во времетраење од осум месеци во текот на учебната година и<br>-Втора категорија во висна од 2.500,00 денари, во времетраење од осум месеци во текот на учебната година,<br>Ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Афирмација и стимулирање за постигнување на подобри резултати на активни, млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Постигнување на подобри резултати на млади и талентирани спортисти од основните училишта во Општина Карпош |
| **Целна група:** | Талентирани спортисти од VIII и IX одделение од општинските основни училишта и жители на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 700.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | 3. Спортско рекреативни игри на пензионерите |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Натпреварување на пензионерите од Општина Карпош во: шах, пикадо (во машка и женска конкуренција), влечење јаже (во машка и женска конкуренција), Трчање 60м (жени) и 80м (мажи), фрлање ѓуле (поединечно мажи и жени) и скок во далечина (мажи), шут на гол од дистанца. Проектот ќе го реализират вработени во одделението за култура и спорт, професори по физичко и здравствено образование, медицински лица и полиција. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Спортско рекреативно дружење на двете пензионерски друштва Тафталиџе и Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Рекреација, натпреварувачка атмосфера, дружење и забава. |
| **Целна група:** | Пензионери од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | -Пехари, статуетки,<br>-Изнајмување на постолје за 1, 2, и 3 место, големи чадори - куполи, маси, столчиња,<br>-Разглас,<br>- Изнајмување простор (фудбалски терен или сала) за одржување на предвидените спортски активности,<br>-Медицински лица,<br>-Свечен ручек. |

| | 4. Финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош кои се занимават со спортско рекреативна активност, ќе биде наменета |

| | |
|---|---|
| | за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината). |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри спортски резултати на активни, млади и талентирани спортисти и рекреативци од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање и потпомагање на спортисти и спортски настани од Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Сите индивидуални спортисти и рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | **5. Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош** |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на финансиска поддршка ќе биде наменета за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош. Одобрените проекти ќе бидат реализирани, промовирани и презентирани во Општина Карпош. Проектите на заинтересираните преку архивата се доставуваат до оддолението за култура и спорт, а по истите одлучува двајца преставници од комисијата за спорт од Советот и тројца од администрацијата на Општина Карпош. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. Огласот ќе биде отворен преку цела година до 31.12.2020 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. |
| **Стратешки насокии цели:** | Целта на оваaа активност е афирмација, промоција и поддршка на спортско рекреативни проекти. |
| **Очекувани резултати:** | Промоција и поддршка на спортско рекреативни |
| | **6. Субвенционирање на ски училиште за време на зимскиот распуст за учениците од основните училишта на територијата на Општина Карпош** |
| | проекти, како и запознавање на трагачите од Оваа шест дневна, скијачка обука и едукација за различни области на забавниот спорт. |
| **Целна група:**<br>**Опис на активности:** | учениците од општинските основни училишта ќе се Жителите од Општина Карпош. реализира, во близина на светски познатиот скијачки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.100.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| | |

| | |
|---|---|
| | центар Банско (Р Бугарија). Организаторот на сите ученици кои ќе земат активно учество ќе им обезбеди тренери за скијачка обука и едукација, комплетна ски опрема, ски карта за цел престој, превоз, хотелско сместување со полн пансион (базен, билијард, пинг понг, сауна, фитнес центар, спа и велнес центар, џакузи, турска бања). На располагање ќе бидат скијачките терени во Разлог, Кулино (3км) и Добриниште (10км). |
| **Стратешки насокии цели:** | Целта на оваaа активност е афирмација на спортско скијачката рекреативност. Промоција и подршка на зимските скијачки спортски активности, како и запознавање на учениците со скијачките вештини. |
| **Очекувани резултати:** | Да се запознаат и научат учениците со скијачката вештина |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.200.000,00 денари |
| **Организатор** | Здружение за организација на спортски настани СКОПЈЕ КУП - Скопје |

| | 7. Фудбалски меморијален турнир - Тоше Проески |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Единаесети меѓународен турнир во мал фудбал |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на забавниот спорт и зголемување на навиките за спортски живот и поттикнување на фер игра. |
| **Очекувани резултати:** | Жителите на Општина Карпош и пошироко своето слободно време да го користат за реализирање на спортско-рекреативни активности. |
| **Целна група:** | Фудбалски домашни и меѓународни екипи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Здружение на стопанственици Власи од Македонија Мандра |
| **Трошоци** | Пехари, судии, делегати, сала, хотелско сместување полн пансион, разглас, свечен ручек, свечено отварање со коктел |

| | 8. Делфините од Карпош пливат |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Обука на учениците по пливање на непливачи и пливачи |
| **Стратешки насокии цели:** | Да се наметне дополнителн популаризација на децата во предучилишна и училишна возраст да се занимават со спорт односно пливањето |
| **Очекувани резултати:** | Зголемување и подобрување на антропометриски и психофизички развој кај учениците преку пливањето |
| **Целна група:** | Ученици од предучилишна и училишна возраст |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |
| **Организатор:** | Пливачки клуб Делфини спорт |
| **Трошоци:** | Изнајмување базен, хонорари за тренери, пливачки реквизити, изнајмување просторија за одржување на теоретска настава, освежителни пијалоци, енергетска исхрана, зимски и летни кампови, печатење на пропаганден материјал и брошури |

| | 9. Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Мал фудбал |
| **Стратешки насокии цели:** | Сеќавање на нашиот другар и сосед Сокол |
| **Очекувани резултати:** | Малска дружба користејќи го спортот како алатка за зајакнување на врската помеѓу различни генерации |
| **Целна група:** | Футсал фудбалски екипи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 600.000,00 денари |
| **Организатор** | Здружение на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал Оливер |

| | |
|---|---|
| | Соколов Сокол |
| **Трошоци** | Награди за прво, второ, трето и четврто место, најдобар играч, најдобар голман, пехари, обезбедување, лица вклучени во организација, судии, освежителни пијалоци, одржување на терен, медицинско лице, пропаганден материјал |

| | **10. Трофеј Карпош 2020** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Меѓународен спортски настан во одбојка девојчиња, ракомет девојчиња, фудбал момчиња и кошарка момчиња |
| **Стратешки насокии цели:** | Стимулирање на училишните спортски клубови, како и пропаганда и афирмација на спортот во општината и пошироко |
| **Очекувани резултати:** | Соработка со други спортски училишни екипи, секции и клубови |
| **Целна група:** | Ученици спортисти |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор:** | Академија спорт АП |
| **Трошоци:** | Хотелско сместување, пехари, медали, топки, судии, доктор, разглас, маици, капи, освежителни пијалоци, сендвичи |

| | **11. Активности и ориентација во природа** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | |
| **Стратешки насокии цели:** | Стекнувања на знаења за оринтација во простор и природа и користење на соодветна опрема за оваа намена |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на перцепцијата за важноста од движење во природа |
| **Целна група:** | Ученици |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| **Организатор:** | Здружение на граѓани за спортски, едукативни, хуманитарни активности Забава и спорт |
| **Трошоци:** | Маици, капи, освежителни пијалоци, исхрана, разглас и озвучување, техничка опрема, превоз, тренери, медицински персонал, постери |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 9.950.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 9.950.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2020 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-9170/10**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/8**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да придонесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

-Вклучување на сите деца од предучилишна возраст во воспитно образовниот процес

- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи

-Унапредување на детската, социјалната и здравствената заштита

-Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и елементарни непогоди

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик

## II. Проектни активности

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИТЕ ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

| 1. | **Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација.<br>Во групите кај што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поради непостоење на предучлишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет “ во населбата Влае 1.<br>Во соработка со Министерството за труд и социјална политика „Општина Карпош“, веќе 16 години е партнер и успешно го спроведува овој проект.<br>Целта на проектот е вклучување на сите деца од општината во воспитно образовниот процес, особено на децата од ромската популација,заради намалување на девијантните појави . |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Интегрирање во социјалниот живот<br>✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>✓ Намалување на девијантните појави |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **600.000,оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - Превоз за децата од населбата Злокуќани до |

| | |
|---|---|
| | градинката „ Пролет “ во населбата Влае ;<br>- целосно подмирување на трошоците за згрижување на петнаесет деца вклучени во Проектот „ Инклузија на деца Роми “. |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

| 2. | **Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Организирање на средба по повод „3 Декември “- денот на лицата со попреченост по десетти пат.<br>По иницијатива на Градоначалникот на средбата присуствуваат лица со попреченост од Општина Карпош.<br>Преку одржување на трибина се споделуваат искуства, проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и се предлагаат можности за нивно решавање.<br>По тој повод се доделува еднократна парична помош на лицата со попреченост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Намалување на осаменоста лицата со попреченост<br>✓ Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација.<br>✓ Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на пристапни рампи.<br>✓ Разгледување на можност за нивно вработување. |
| **Очекувани резултати:** | |

| | |
|---|---|
| | ✓ Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот.<br>✓ Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост.<br>✓ Ефектите од досегашните активности кои ги превземала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни стамбени објекти ). |
| **Целна група:** | Лицата со попреченост:<br>- лица со физички хендикеп<br>- лица со оштетен вид(слепи и слабовидни)<br>-лица со оштетен слух(глуви и наглуви)<br>-интелектуално попречени лица<br>-лица со попреченост во говорот<br>-аутистични деца<br>-стари лица со пречки во психички и физички развој што имаат тешкотии во социјалната интеграција<br>-лица со комбинирани пречки во развојот |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **550.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -доделување на еднократна парична помош на лица со попреченост |

| 3. | **Принципи на работа на Советувалишен центар за семејно насилство** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Советување и поддршка од социјален работник.<br>- Советување и поддршка од психотерапевт.<br>-Бесплатни правни совети од правник.<br>-Упатување и придружба до соодветни институции. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Услугите на Советувалишниот центар се нудат на целото семејство, т.е. советувањето е достапно за жртви на семејно насилство, сторителите на семејно насилство како и за деца кои се дел од семејство во кое се врши или се вршело насилство, или се жртви на семејно насилство. |
| **Очекувани резултати:** | Воспоставување и одржување на психо-советувалишен центар за жени жртви на насилство. |
| **Целна група:** | Жртви на семејно насилство |
| **Реализатор:** | Општина Карпош (финансиски поддржувач)<br>Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство (реализатор на проектот). |
| **Трошоци:** | **200 000, оо ден.** |

| 4. | **Посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел „Мајка Тереза“ - Злокуќани** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посета на штитениците во старскиот дом со Градоначалникот и општинската администрација<br>Пригодна културно забавна програма организирана од дечиња од една општинска градинка.<br>Пригодни подароци за штитениците. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Психо-социјална поддршка.<br>Грижа на општината за старите лица |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на чувството на осаменост |
| **Целна група:** | Штитеници на Домот |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **30.000,оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -лични пакети со кондиторски продукти за лицата сместени во домот |

## УНАПРЕДУВАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

| 5. | **Превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | - Семинари со група од воспитувачки, негувателки и стучни тимови<br>- Спроведување на програмата со групи на деца<br>- Супевизија-супервизиски состаноци со група на воспитувачи, негуватели и стручен тим од сите градинки од Општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Превенција на манталното здравје на деца на разведени родители преку сензибилизација и едукација на стручниот персонал во градинките и психо-социјална поддршка на децата |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на нивото на стрес, поддршка во правилниот развој на децата и зачување на менталното здравје од најрана возраст |
| **Целна група:** | Стучните тимови од предучилишните установи и децата |
| **Реализатор:** | Здрушени на психотерапија и едукација „ АМИГДАЛА “ |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 170.000,оо денари |
| **Трошоци:** | -Хонорари<br>- Изработка и печатење на сертификати<br>-Хонорари за супервизија<br>-Материјали за работа |

| 6. | Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита со цел вклучување и подобрување на животот на маргинализирани групи на граѓани.<br>За проекти во областа на детската, социјалната и здравствената заштита во износ до 30.000,оо денари одлучува Комисија за поддршка на проектни активности од областа на детската, социјалната и здравствената заштита формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.<br>За проектите во областа на детската, социјална и здравствена заштита за чија реализација е потребен износ над 30 000 денари, Општината распишува Јавен оглас, по претходно добиена согласност од советот на Општина Карпош.<br>Право на аплицирање имаат физички лица од Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат социјалната и здравствената заштита во сите области.<br>Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2020 година. |
| **Стратешки насоки и цели:** | -Јакнење на капацитетите<br>-Економска, правна и социјална заштита<br>-Едукација<br>-Подигање на јавната здравствена свест кај граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | -Почитување на нормите за заштита на граѓаните, особено децата<br>-Вклученост во редовното образование и во секојдневнот живот |
| **Целна група:** | Граѓани на Општина Карпош |
| | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Реализатор:** | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **300. 000, оо ден** |
| **Трошоци:** | |

| **7.** | **Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавните установи општински детски градинки** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишните установи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна возраст. |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **100.000,оо ден.** |
| **Трошоци:** | Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи - 100.000,оо ден. |

| 8. | **Контрола и безбедност на храната во предучилишните установи** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Систематски контроли за безбедност на храната преку теренски активности и контрола на бројот на оброците кои се приготвуваат во ЈУОДГ. Соработка со операторите на храна во ОУ и контрола на нивната работа во рамките на контролата и безбедност на храната. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Овозможување на персоналот во градинките доедуцирање преку работилници и предавања, следење на здравствената состојба на децата во целост (храна, алергии, сезонски заболувања) и внесување здрави хигиенски навики. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Стекнување здрави навики преку исхраната<br>✓ Контрола и безбедност на храната која ја консумираат децата<br>✓ Контрола на бројноста на оброците со згрижените деца |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна и училишна возраст |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Нема |

| 9. | **ЧЛЕНСТВО на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) - Франкфурт, Германија** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош е член на EHEDG (Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн) веќе девет години. Веќе пет години е и членка на GHI (Global Harmonization Initiative). Како член на овие две Организација има привилегии да учествува на конференции, конгреси и манифестации од научен карактер од областа на безбедност на храната, нутриционизмот и здравјето по повластени цени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одржување семинари и обуки наменети за овластеното лице за контрола и безбедност на храна со цел унапредување на здравството. Објавување на публикации и научни и стручни трудови. Контакти со домашни и странски фирми со цел заедничка соработка. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Унапредување на работата на ОУ и ЈУОДГ од здравствен аспект.<br>✓ Промовирање на Општината во светски научни рамки. |
| **Целна група:** | Децата и граѓаните на Општина Карпош |
| **Годишна членарина:**<br>**Реализатор :** | **30.500,оо денари**<br><br>EHEDG (Европско тело за хигиенски инженеринг и дизајн - седиште во Франкфурт |
| **Трошоци:** | - Годишна членарина - **30.500,оо ден.** |
| | |

| 10. | **Информативни средби и меѓуопштинска соработка на општините на ниво на Град Скопје за придобивките од EHEDG членството и контролата на безбедноста на храната во ЈУОДГ.** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | - Презентација<br>- Дискусија<br>- Рекламен материјал |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Проширување на соработката со другите општини на ниво на Град Скопје |
| **Очекувани резултати:** | - Подигнување на свеста и потребата од зголемена контрола на контролата на безбедноста на храната и нутритивниот дел од прехранбените производи кои се користат во подготовката на оброците во кујните во ЈУОДГ. |
| **Целна група:** | Општини на територија на Град Скопје |
| **Предвидена финансиска Рамка (котизација за настанот):**<br>**Реализатор;** | **Нема финансиски средства.**<br><br>Општина Карпош во соработка со Регионалната канцеларија на EHEDG за Р. Македонија |

## ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА,ЛИЦА/СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК,ЗА ПОТЕЕШКО ЛЕКУВАЊЕ И ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

| 11. | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-Лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>- Лекување<br>-Елементарна непогода (поплава , пожар, земјотрес )<br>За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација |

| | |
|---|---|
| | како доказ за наведеното барање и се прави увид во домот на барателот .<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>- упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Поддршка за лекување<br>✓ Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик преку поддршка при решавање на нивните проблеми. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **2.000.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик ( корисници на социјална помош, постојана парична помош, невработени лица)<br>-за лекување<br>-за елементарна непогода (поплава, пожар, земјотрес) |

| 12. | **Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за користење на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината. За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите : |

| | |
|---|---|
| | -Еднократна парична помош да се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош (што се утврдува со документ за лична идинтификација)<br>-На денот на поднесување на Барањето , новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 30.000.оо ден. или да се корисници на социјална помош.Или ако едниот родител е невработен , да достави потврда од агенцијата за вработување на РМ , или друг документ со кој ќе се потврди дека е невработен. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на семејства/лица во ризик. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **400.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Еднократна парична помош во износ од 4.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

## ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

| 13. | **Хуманитарна акција -<br>„ Подај рака , донирај за твојот сосед “** |
|---|---|
**за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/17**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04; 96/04; 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/18), Советот на Општината Карпош на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Карпош за 2020 година (во понатамошен текст: Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општина Карпош се состои од: општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на Буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредната година,
- посебниот дел содржи план на одобрени средства на буџетските корисници по програми и ставки за финансиската година, и
- развојниот дел ги содржи плановите и програмите за развој на буџетските корисници.

Буџетот на Општината е консолидиран и се состои од: основен Буџет, Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и подпрограми,
- години во кои истите ќе се реализираат и
- изворите на финансирање, односно буџети

**Член 3**

Општинските буџетски корисници на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2020година се определени врз основа на извршена процена на сопствените финансиски ресурси согласно законските прописи.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, се остваруваат во поголем износ од планираниот Буџет за 2020 година, истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со Измени на Буџетот на Општината за 2020 година, донесени од страна на Советот на Општина Карпош.

**Член 5**

Планираните расходи во Буџетот за 2020 година не смеат да ги надминат планираните приходи во истиот.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Карпош, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во Буџетот.“

**Член 6**

Градоначалникот ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на Буџетот на Општината.

Градоначалникот на Општината е одговорен за извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општината Карпош, во рамките на тековната буџетска година.

**Член 7**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на општинските буџетски корисници ја одобрува Советот на Општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и Буџет, неможе да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбите во тековната фискална година, а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки во рамките на Буџетот не можат со прерарспределба да се зголемат повеќе од 10%.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на општинскиот буџетски корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.
Општинските буџетски корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување - зголемување на Планот на приходите и другите приливи и Планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината.

**Член 8**

Општинските буџетски корисници по усвојување на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.
Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансиски план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платата на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот на општината.
Основица за пресметување на платата на Градоначалникот на Општината се утврдува согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (Службен весник на РМ бр. 36/90; 44/90; 11/91; 38/91; 16/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 4/10; 97/10; 162/10; 11/12; 145/12; 170/13 и 139/14) и тоа според законски утврдениот коефициент за утврдување на платата на градоначалникот кој изнесува 3,4.
Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот на општината.
„Вредноста на бодот за утврдување на платите на вработените во општинската администрација во Општина Карпош кој немаат статус на државни службеници, за 2020 година ќе изнесува 22,03 денари.

**Член 10**

На вработените во општинската администрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 60% од просечна нето плата исплатена во последните три месеци во Републиката.

**Член 11**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката не се исплатува.
Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 12**

Во случај на боледување подолго од 6 месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 13**

Исплатата на платите и надоместоците до основните училишта и детските градинки (во понатамошен текст: локални и јавни установи) ќе се финансираат од блок дотациите од Општинскиот буџет, согласно позитивните законски прописи, под контрола и одобрување на соодветните министерства.
Локалните јавни установи се должни најдоцна 3 (три) дена пред исплатата на платите до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати и надоместоци кон кои ќе ги приложат пропишаните обрасци, копија од рекапитуларот за пресметување нето и бруто плата, образец за бројот на вработените по име и презиме и други податоци во електронска или пишана форма, за односниот месец за секого поединечно на кого се однесува исплатата.

**Член 14**

Во случај на потреба за нови вработувања општинските буџетски корисници претходно се должни да доставаат известување за обезбедени финансиски средства до Градоначалникот на Општината.

**Член 15**

При ново вработување во јавните установи на Општината, за обезбедените средства Градоначалникот дава писмено известување до надлежните министерства, а за вработувањата од редот на државните службеници во Општинската администрација, Градоначалникот бара претходно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000,00 денари.
На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по предходно доставеното барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настанување на смртта.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 17**

На вработен во локалната општинска администрација и локална јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати. Висината на овој надоместок се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.
Надоместокот од став 1 од овој член се исплатува по претходно доставено барање во тековната, односно наредната година.
Исплатата на надоместокот од претходниот став се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината, а од програмата ДО- Градоначалник, позиција 464 – Други трансфери.

**Член 18**

Вработените во општината имаат право на јубилејни награди според условите и во висина определени во Правилникот за доделување парични награди за јубилеи и пригодни настани.

**Член 19**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на општинските буџетски корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуват расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи, во износ од 6.000,00 денари, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што трошоците треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината, кои се распоредуваат во програмите за:

- Програма за Совет на Општината;
- Програма за Градоначалник;
- Програма за општинска администрација;
- Програма за урбанистичко планирање и уредување на просторот;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за комунални дејности;
- Програма за култура;
- Програма за спорт и рекреација;
- Програма за социјална заштита и заштита на децата; и
- Програма за образование
- Програма за заштита на животна средина и природа

одлучува Советот на Општината Карпош, а за извршувањето на Буџетот на Општината е одговорен Градоначалникот на Општината Карпош.

**Член 21**

За користење на средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите/ постојна и тековна буџетска резерва/, која неможе да надмине износ од 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на Општината, одлучува Советот на Општината а ги извршува Градоначалникот на Општината.

По исклучок од став 1 на овој член, за користењето на средствата од тековната резерва одлучува Градоначалникот, но најмногу до износ од 50.000,00 денари.

За искористените средства Градоначалникот поднесува Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 22**

На членовите на Советот на Општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци, во рамките утврдени со закон.
Месечниот надоместок на членовите на Советот за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за претходната година.
На Претседателот на Советот на Општина Карпош за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на Совет се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.
Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одршал седница.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.
Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

За се што не е регулирано со оваа Одлука, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за буџетите, Законот за административни службеници, Законот за работните односи и Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Северна Македонија.

**Член 25**

Буџетот на Општина Карпош се извршува од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 01 јануари 2020 година.

**Број: 09-9170/20**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/18**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр 5/2002) и член 88, став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните служеници за 2020 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Карпош“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2020 година.

**Број: 09-9170/21**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2020 година**

1. Се објавува Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/19**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 20, став 1 и став 2 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07; 22/08; 159/08; 133/09; 145/10; 35/11; 11/12; 59/12; 166/12; 170/13; 153/15; 199/15, 193/17 и 7/19), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на благајнички максимум за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува благанички максимум за 2020 во износ од 200.000,00 (две стотини илјади) денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден од наплатата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 01.01.2020 година.

**Број: 09-9170/22**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за 2020 година, донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/20**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев,ср**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 27, став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната смаоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија број “ 244/19), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декмври 2019 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2020 година**

1.

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Карпош го усвојува буџетскиот календар | декември јануари |
| 2. | Градоначалникот на Општина Карпош подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници | до 30 јуни |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позициите | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерството за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува процена на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 20 октомври |
| 6. | Секторот за финансирање и Буџет го изготвува Нацрт-Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | до 30 октомври |
| 7. | Советот на Општина Карпош го одобрува Предлог-Планот на Програмите за развој | најдоцна до 15 ноември |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Карпош | најдоцна до 15 ноември |
| 9. | Советот на Општина Карпош го донесува Буџетот | најдоцна до 31 декември |

2. Буџетскиот календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-9170/23**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев,ср**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/21**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 184 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19 и 146/19), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на Република Македонија, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма В1 и подпрограма В10 – згрижување и воспитание на деца, се врши финансирање на Јавните установи општинските детски градинки: „ Орце Николов“, „Мајски Цвет“, „Пролет“, и „ Распеана Младост“.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секоја јавна установа општинска детска градинка врз основа на претходно доставените податоци од страна на јавна установа општинска детска градинка и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:

- број на сместени деца во детската градинка,

- број на сместени деца со посебни потреби,
- трошоци односно цена по дете( месечна цена за престој на дете),
- должина на период за греење,
- програмски активности на институциите,
- трошоци за тековно одржување на објектите,
- историски податоци од претходните години и
- останати неизмирени обврски.

**Член 4**

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се изземени од методологијата, распределбата се врши согласно горе утврдените критериуми.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата до Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош ќе се насочуваат преку Секторот за финансиски прашања на Општина Карпош месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за Труд и социјална политика.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9170/24**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/22**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02); член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната смаоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19) и член 157, став 1 и став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2019 ), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основните училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – основно образование, трансферирани од Буџетот на Република Македонија, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, Програма Н1 и подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на општинските основни училишта: „Аврам Писевски“, „Братство“, „Вера Циривири Трена“, „Владо Тасевски“, „Војдан Чернодрински“, „Димо Хаџи Димов“, „Јан Амос Коменски“, „Лазо Трповски“, „Петар Поп Арсов“ и „Христијан Тодоровски Карпош“.

Срдствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секое општинско основно училиште врз основа на претходно доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:

- вкупен
број на ученици по училишта,
- број на ученици во предметна настава,

- број на ученици со посебни потреби,
- број на ученици – корисници на бесплатен превоз,
- тип на објектот на училиштето и
- начин на греење / централно или самостојно /.
- трошоци за тековно одржување на објектите,
- историски податоци од претходната година и
- останатинеизмирени обврски од претходни години.

**Член 4**

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се изземени од методологијата, распределбата се врши согласно горе утврдените критериуми.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата до општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се насочуваат преку Секторот за финансиски прашања на Општина Карпош месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за образование и наука.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1.1.2020 година.

**Број: 09-9170/25**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**

1. Се објавува Одлуката прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/23**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02); член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Репунлика Северна Македонија“ бр.101/19) и врз основа на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10 декември 2019 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255 од 13 декември 2019 година, Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош прифаќа трајно користење без надомест на недвижни ствари, кои се наоѓаат на улица „Љубљанска“ Скопје, на КП 1227/1, КО Карпош, запишани во Имотен лист бр.78806, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- зграда бр.1, намена на зграда А2-2 станбено-деловни згради, број на влез 1, кат ПО, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда П помошна просторија, со внатрешна површина од 1126 м$^2$,
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-3 повеќенаменски сали, број на влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП деловна просторија, со внатрешна површина од 910 м$^2$,
- зграда бр.2, намена на зграда Б6-3 повеќенаменски сали, број на влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП деловна просторија, со внатрешна површина од 270 м$^2$,
- зграда бр.2, намена на зграда Б6-3 повеќенаменски сали, број на влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП деловна просторија, со внатрешна површина од 317 м$^2$.

од Влада на Република Северна Македонија, врз основа на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10 декември 2019 година.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Член 2**

Недвижните ствари наведени во член 1 од оваа Одлука се прифаќаат на трајно користење на Општина Карпош, без надомест.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши помеѓу Агенцијата за млади и спорт и Општина Карпош, во рок од 30 дена, сметано од 14 декември 2019 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да склучи Договор за прифаќање за трајно користење на движни ствари без надомест со Влада на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9170/26**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/24**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средтсва како помош на заслужниот граѓанин Милорад Луковски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од половина месечна просечна плата, утврдена на ниво на Република Македонија, за 12 месеци почнувајќи од месец јануари 2019 година, заклучно со месец декември 2019 година.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година и истите ќе се исплаќаат сукцесивно, еднаш во месецот, вкупно 12 месеци, почнувајќи од месец јануари 2019 година, заклучно со месец декември 2019 година.

**Член 4**

Се овчастува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9170/27**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за престанок и пренос на правата на сопственост**

1. Се објавува Одлуката за престанок и пренос на правата на сопственост, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/25**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок и пренос на правата на сопственост**

**Член 1**

Советот на Општина Карпош констатира престанок на правото на сопственост на Месна Заедница (Урбана заедница) Влае, запишано во имотен лист бр.51400, КО Ѓорче Петров 4 – Влае, означен како КП 6521, зграда бр.1, кат – приземје, деловен простор со површина од 36 м2, и го пренесеува правото на сопственост на единицата на локална самоуправа Општина Карпош, како основач на урбаната заедница.

Од причина што Урбаната заедница Влае нема самостоен правен субјективитет ниту пак својство на самостојно правно лице, односно истата е формирана од Општина Карпош и фукционира во слоп на Општина Карпош со пренесни ингеренции согласно Закон. Поради тоа, имајќи во предвид дека во оваа форма нема законско право на сопствени движни и недвижни ствари, се донесе одлука за пренос на правото на сопственост, како во став 1 од овој член.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9170/28**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

СОД РЖИН
А

1. Заклучок за усвојување Извештај по советничко прашање за изготвување Предлог-Одлука за определување парична помош за лекување, со Предлог;
2. Заклучок за усвојување Извештај за состојбата на детските игралишта на територијата на Општина Карпош изготвен од Секторот за екологија и енергетска ефикасност;
3. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година;
4. Одлука за измени на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година;
5. Одлука за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост;
6. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КПбр.646/79 и КП бр.646/29 КО Долно Водно);
7. Одлука за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи;
8. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одржување на објектот-урбана опрема по завршување на проектот „Детско инклузивно игралиште“;
9. Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција;
10. Одлука за давање согласност за воведување Регистар на општински основни училишта од територитјата на Општина Карпош;
11. Одлука за давање согласност за воведување Регистар на јавни установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош;
12. Одлука за определување на финансиска поддршка на Пливачки клуб АКВА ПРО АКАДЕМИЈА Мартин Стефановски за организирање на новогодишен пливачки натпревар Аква Про - Дедо Мраз;
13. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје;
14. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје;
15. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош-Скопје;

16. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје;
17. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје;
18. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје;
19. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје;
20. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје;
21. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош-Скопје;
22. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука за донесување нов Статутот на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош-Скопје;
23. Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје;
24. Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје и
25. Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**